**ЗАПИСНИК**
**од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.03.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (оправдано отсутен, службен пат).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека г-дин Трајчев нема да присуствува на седницата од оправдани причини, а отсуството навремено го пријавил уште на претходната седница и исто така до него испратил известување и по електронска пошта.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.03.2017 година.
2. Предлог-одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
4. Предлог за запирање на постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.03.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи Предлог-одлуката за доделување дозвола на ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, за телевизиско емитување на програмски сервис од специјализиран формат кој има забавна функција, на албански јазик, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво - подрачје на емитување, радиодифузен регион Д8. Објасни дека Агенцијата во врска со Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс и неговото дополнување, а согласно член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека предметниот барател ги исполнува условите и обврските утврдени со Законот и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на барателот ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, не му е одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

Г-дин Петрушевски, во врска со точката, праша, дали со доделувањето на новата дозвола на регионално ниво, по автоматизам на радиодифузерот ќе му престане досегашната дозвола за телевизиско емитување на локално ниво?

Г-ѓа Скерлев-Чакар, одговори дека во рамките на документацијата која ја достави ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, беше и таа изјава заверена на нотар дека во моментот кога ќе му се додели дозволата ќе му престане претходната. Исто така објасни дека тој нема да регистрира ново трговско радиодифузно друштво, туку врз основа на одлуката за доделување ќе направи усогласување на податоците во Централниот регистар на РМ за промената што ќе се направи. Во таа насока објасни дека радиодифузерот е известен и за плаќање на надоместокот, односно до кога ќе плаќа и колку согласно старата дозвола и од кога за новата дозвола.

Г-дин Фетаи, рече дека во овој случај се работи за радиодифузер кој од локално ниво преминува на регионално ниво на програмски сервис со специјализиран формат кој има забавна функција. Според него ова претставува добар момент, кој покажува дека оваа телевизија работела рентабилно и сега сака да го прошири своето дејствување. Посочи дека од претходните дискусии на изминатите седници, останала една индикација во врска со коефициентот за надоместок за дозволата за специјализираните програми. Скоро 90% од телевизиите имаат општ претежно забавен формат или информативен, а специјализирани нема многу, така да од овој тип формат ова е прва телевизија. Рече дека во дискусиите од минатото на седниците се разговарало за коефициентот бидејќи имало заинтересирани субјекти да отворат телевизија од специјализиран формат, на пример за цртани филмови. Но една од пречките било токму плаќањето на висината на овој коефициент, бидејќи овие специјализирани телевизии имаат една специфична публика која ги следи. Од таа иницијатива од минатото до денес Советот и Агенцијата не направиле ништо да коефициентот се намали. Инаку точката ја поздравува, драго му е што овие луѓе кои инвестирале можеле да опстанат и што ја прошируваат гледаноста на поголемо подрачје. Добро е што Стручната служба на Агенцијата им помогнала да ги дополнат документите согласно Законот и подзаконските акти кои произлегуваа од него. Го поздравува тој потег и исто така ја поздравува и одлуката и луѓето кои успеале да ја финализираат нивната идеја.

Г-дин Петрушевски, во врска со висината на коефициентите, рече дека таа е дефинирана во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и не зависи од Агенцијата. Но, рече, Советот и Агенција може да заземат став по тоа прашање и во

некоја наредна промена на Законот доколку ја има, да достават предлог и да се овозможи тоа што го предложил г-дин Фетаи, да има поразлични телевизии.

Г-дин Фиданоски, рече дека го поттикнал г-дин Фетаи да постави едно прашање кое не е директно поврзано со овој радиодифузер. Го интересираше, каде е регистрирана телевизијата СТОП ТВ, кој пушта македонска музика?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, одговори дека станува збор за хрватски канал.

Г-дин Фетаи, објасни дека во минатото имал прилика да разговара со еден многу сериозен бизнисмен, кој се занимава со продажба на детски играчки, филмови и сл. Негова идеја била дека тој има предиспозиции да инвестира кај нас во една телевизија со специјализиран формат, цртани филмови на македонски јазик. Г-дин Фетаи го упатил, дошол во Агенцијата, но една од основните пречки да не ја отвори телевизијата бил коефициентот за специјализиран формат кој бил превисок. Ова му изгледа како казна за луѓето кои бараат таков формат, кој впрочем ја збогатува медиумската понуда а треба да плати еден и пол коефициент. Предложи Агенцијата да заземе став, согласно и со другите анализи кои се потребни во таа насока, и да се поттикне отворањето на такви телевизии. Рече дека идејата на бизнисменот многу му се допаднала бидејќи била позитивна, анимираните филмови би биле директно преведени на македонски јазик што би биле подостапни за децата.

Г-дин Петрушевски, рече дека дискусијата за висината на коефициентот, г-дин Фетаи ја започнува по втор пат и не видел дека и првиот пат имало некаков ефект. Во таа насока рече дека е добро дискусијата да влезе во записникот, да му се пренесе на Директорот кога ќе се врати од службено патување, а надлежните сектори оваа идеја да ја разгледаат и да заземат одреден став. Потоа да се разгледа на седница па да биде и заеднички став и на Советот.

Г-дин Фиданоски, рече дека би било добро да влезе во записник, дека Советот и Агенцијата ќе изнајдат начин да ги охрабрат некои од постојните телевизии кои веќе имаат дозвола на национално ниво да се обидат да отворат така наречени субканали. Во балканскиот пакет кој го користи дома, таков тип на канали има кај хрватскиот канал РТЛ, кај босанската телевизија Хајат и косовската телевизија 21. Смета дека во тој контекст би се заокружило и тоа со телевизиите со цртани филмови и образовни и музички канали. Не е сигурен каква форма би можело да се изнајде, но би било добро да се охрабри отворање на субканали.

Г-дин Петрушевски, објасни дека во врска со дискусијата која се разви на седницата, нема да се носат конкретни заклучоци, туку само се отвора оваа тема и се остава простор Стручната служба подетално да ја обработи во насока на што беше разговарано на седницата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-102 од 07.03.2017 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, за телевизиско емитување на програмски сервис од специјализиран формат кој има забавна функција, на албански јазик, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво - подрачје на емитување, радиодифузен регион Д8 - Попова Шапка (Општина Тетово, Општина Гостивар, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Желино, Општина Јегуновце и Општина Теарце), со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, одлуката за доделување дозвола да ја достави до ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, со цел да изврши упис на промена во соодветниот регистар, со оглед дека веќе е регистриран како трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар во Централен регистар, врз основа на Одлуката за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на локално ниво, УП1 бр.08-34 од 05.02.2016 година. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, да склучи договор со радиодифузерот почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да ги извести операторите на јавна електронска комуникациска мрежа што не користат ограничен ресурс, кои ја вршат дејноста во подрачјето во кое радиодифузерот ја емитуваше својата програма - на локално ниво: Општина Тетово, Општина Теарце, Општина Јегуновце, Општина Желино и Општина Брвеница, дека дозволата за телевизиско емитување бр.08-153 од 15.03.2016 година, преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, престана да важи, и дека на радиодифузерот му е доделена нова дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво - подрачје на емитување, радиодифузен регион Д8.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски, на ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово му посака успех во понатамошното работење.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-119 од 08.03.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1186/1 од 08.03.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО

Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за Стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека на 41-та седница одржана на 29.12.2016 година, Советот на Агенцијата донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп. Постапката се повела поради тоа што било констатирано дека управителот на радиодифузерот, физичкото лице Рубинче Крстески, истовремено се јавува како основач на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп, со учество од 50% во основната главнина на правното лице. Според тековната состојба, приоритетната дејност/главна приходна шифра на ова правно лице е 73.11 – Агенција за маркетинг. Во членот 39 од ЗААВМУ е утврдено дека: „Недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како „...основачи на друштво за реклама и пропаганда...“. Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот“. Во групата 73.1 - Маркетинг (реклама и пропаганда) се дефинирани две класи 73.11 Агенција за маркетинг и 73.12 – Огласување преку медиуми. Согласно член 43 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата побара од Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, да ги достави во Агенцијата сите податоци што се од значење за одлучувањето. На 03.01.2017 година, управителот на радиодифузерот, физичкото лице Рубинче Крстевски до Агенцијата достави Изјава во која наведува дека „...најодговорно изјавувам дека не бев запознат дека со учеството во друго друштво, во случајов МЕГА МЕДИА ДОО – Прилеп правам недозволена медиумска концентрација и согласно тоа најитно ќе истапам од основач на МЕГА МЕДИА ДОО Прилеп“, а на 14.02.2017 година, по електронски пат ја извести Агенцијата дека истапило од сопственоста на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп. Одделението за стратешко планирање од Секторот за стратешко планирање и авторски права, изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, при што констатираше дека физичкото лице Рубинче Крстевски повеќе не се јавува како основач на друштво за реклама и пропаганда и дека констатираната недозволена медиумска концентрација е отстранета. Меѓутоа, од тековната состојба на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп е видно дека по отстапувањето на Рубинче Крстевски, единствен основач на ова правно лице е Игорче Крстевски, физичко лице со исто презиме и иста адреса, што упатува на тоа дека станува збор за член на семејството (согласно член 3 точка 27, членови на семејството се брачниот и вонбрачниот другар, родители, деца, браќа и сестри, посвојувачи и посвоени деца, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство). Во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е

утврдено дека „Недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како „...поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон...", а во членот 36 став 2 алинеја 1 дека „како поврзани лица од ставот 1 на овој член особено се сметаат „...членовите на семејството.". Прашање е дали, во конкретната ситуација, постои прекршување на одредбите за недозволена медиумска концентрација преку поврзани лица, поради тоа што во овој дел Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не обезбедува сосема јасно решение. Имено, првиот став од членот 36 гласи: „поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер". Она што е нејасно, во ваков начин формулираната одредба, е дали две лица треба да се сметаат за поврзани лица во смисла на овој Закон, само тогаш кога меѓу нив постои деловна соработка или пак и тогаш кога не постои. Сознанијата со кои што Секторот за стратешко планирање и авторски права располага во овој момент, не упатуваат на заедничко дејствување на овие две правни лица, но тоа не ја ограничува можноста за постапување доколку се добијат евентуални нови сознанија. Во периодот што следува Стручната служба ќе оствари консултации со релевантни субјекти и познавачи на областа, со цел прецизирање на оваа законска одредба, притоа имајќи го предвид пред се уставно загарантирано право за работа и во тој контекст импликациите од евентуалното констатирање недозволена медиумска концентрација, како и заради случаите во кои тоа би било всушност спротивно на целта на законодавецот за унапредување и развој на аудио и аудиовизуелната медиумска дејност.

Г-дин Јанчески, рече дека понатаму ќе се проверува дали роднинската врска има влијание, меѓутоа праша што со проверката на сите такви случаи? Можеби, рече, има браќа кои имаат различни презимиња, можеби има и други ситуации. Според него тоа е голема активност која би можела да се покрене од оваа иницијатива, затоа што можно е и кај други радиодифузери да биде констатирана слична ситуација во врска со роднинските врски.

Раководителката на Секторот за Стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека кога се доделува дозвола за емитување на радио или телевизиско емитување, при самата постапка, кандидатите кои конкурираат на конкурс или доставуваат барање, во документацијата доставуваат изјава заверена на нотар дека не ги прекршуваат одредбите од Глава IV од ЗААВМУ. Таа изјава го вклучува и овој сегмент од работењето. Исто така и при промена на сопственичка структура, радиодифузерите ја доставуваат таа изјава. Со тоа од самиот старт се покриваат ваквите евентуални случувања. Доколку сепак во праксата се случи, се констатира таква ситуација, Агенцијата веднаш реагира. Смета дек не постои никаков начин сите поврзани лица, а по Закон тоа се родители, деца, посвоени деца, брачен другар, вонбрачен, браќа, сестри и така натаму, сите да се проверат дали се јавуваат како основачи. Но секако доколку Агенцијата има сознанија, веднаш реагира како и во овој случај.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-587 од 07.03.2017 година и едногласно донесе решение за запирање

на постапката поведена по службена должност од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Уп1 бр.02-587 од 30.12.2016 година, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.02-1182/5**
**20.03.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**